Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing

National Immunisation Program
A joint Australian, State and Territory Government Initiative

Macedonian



# ПОДГОТВЕТЕ СЕ ЗА ЗИМАТА ЗА МОМЕНТИТЕ ШТО СЕ ВАЖНИ



Лицата на возраст од 65 години и постари се изложени на поголем ризик од тешки заболувања од респираторни вируси како што се инфлуенца (грип), COVID-19 и респираторен синцицијален вирус (RSV). Како што старееме, се зголемува ризикот од сериозни болести, компликации и хоспитализација.

Редовното примање на препорачаните вакцини е најдобриот начин да бидете добро и здрави за моментите што се најважни оваа зима. За најдобра заштита, примете ги вашите вакцини почнувајќи од март или април, пред екот на сезоната кој трае од јуни до септември.

Разговарајте со вашиот здравствен работник и закажете термин за вашата вакцинација денес.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата **health.gov.au/winter-vaccinations/translated-resources**



Давателите на услуги за вакцинација вклучуваат:

- Матични лекари (GPs) и клиники за општа пракса
- Аптеки кои учествуваат во програмата
- Општински клиники за имунизација (достапни во некои држави и територии)
- Здравствени центри во заедницата
- Даватели на услуги за вакцинација во старски домови (за лица кои престојуваат во тие домови).

Ако англискиот не ви е мајчин јазик, можете да побарате преведувач кога разговарате со здравствен работник. Исто така, може да ве придружува член на семејството, пријател или негувател заради поддршка.